**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став (1) од Законот за вработени во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 132 став (1) алинеи 9 и 10 од Законот аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), член 60 став (1) алинеи 9 и 10 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година и бр.01-4979/3 од 13.11.2020 година и член 4 став (7) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година како и врз основа на Конечната ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-6285/8 од 11.11.2022 година, директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-6285/9
15 11 2022 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

за избор на кандидат по јавен оглас број 11/2022 за вработување на неопределено на 1 (еден) давател на јавни услуги во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија

1. За работното место **ИНФ 03 04 Б02 001 – Новинар 3 во Редакција за утринска и дневна програма во Информативна програма на албански јазик во Втор програмски сервис на МТВ, 24 часовен канал на албански јазик** како прворангиран кандидат се избира **Семра Ајети Беќети**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со јавниот оглас број 11/2022 со арх.бр.04-6285/1 од 04.10.2022 година објавен на 04.10.2021 година на веб страната на ЈРП Македонската радио телевизија и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за вработување на неопределено на 1 (еден) давател на јавни услуги во ЈРП Македонска радио телевизија на работно место Новинар 3 во Редакција за утринска и дневна програма во Информативна програма на албански јазик во Втор програмски сервис на МТВ, 24 часовен канал на албански јазик, Комисијата за селекција за вработување формирана од страна на директорот на МРТ со Одлука бр. 04-6285/5 од 17.10.2022 година, направи административна селекција и состави Записник за административна селекција бр. 04-6285/6 од 02.11.2022 година, по што во понатамошната постапка согласно Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2 од 13.11.2020 година, Комисијата одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно законот и Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радио телевизија и состави Записник за спроведување на интервју бр. 04-6285/7 од

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев" бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, ***www.mrt.com.mk***

09.11.2022 година. Врз основа на освоените бодови од интервјуто, Комисијата за селекција за вработување изготви Конечна ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-6285/8 од 11.11.2022 година. Врз основа на рангирањето во Конечната ранг листата Директорот на ЈРП Македонска радио телевизија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се склучи договор за вработување со **Семра Ајети Беќети** за работното место **ИНФ 03 04 Б02 001 – Новинар 3 во Редакција за утринска и дневна програма во Информативна програма на албански јазик во Втор програмски сервис на МТВ, 24 часовен канал на албански јазик**

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски

Доставено до:

-Избраниот кандидат
-Одделението за човечки ресурси
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива